До

Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје

Известување по точка 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка

На ден 5.11.2024 година, Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје донесе одлука со која предложените кандидати Бобан Греговски, Драгица Јовановска, Евгенија Трпкоска, Михаил Петковски и Албиона Риза, беа именувани за членови на Надзорниот одбор на Банката.

Во согласност со точка 19 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, пред секое именување членови на Надзорниот одбор се врши оцена на соодветност на кандидатите за членови на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор на Банката, на ден 5.11.2024 година, по претходно добиени предлог – оцени за предложените кандидати од страна на Одборот за именување, врз основа на обезбедената документација, а во согласност со критериумите наведени во точка 18 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, изврши анализа на знаењето и искуството на предложените кандидати, на репутацијата што ја поседуваат, на објективноста и на независноста, како поединечно така и заедно со останатите членови на Надзорниот одбор, при што позитивно оцени дека предложените кандидати ги исполнуваат соодветните критериуми за остварување на функцијата членови на Надзорниот одбор во Банката.

Имајќи ја предвид точката 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, со која Надзорниот одбор е должен да го извести Собранието на акционери на Банката за резултатите од извршената оцена на соодветноста на кандидатите за членови на Надзорниот одбор на Банката, ова известување се доставува до Собранието на акционери на Банката.

Скопје, декември 2024 година